Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Food and Agriculture Organization of the United Nations

Green development
Republic of North Macedonia

СПРАВУВАЊЕ СО КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ 2022

ЦЕЛ

Предизвикот има за цел да поттикне зголемување на т.н климатски активности, односно активности за развивање на иновативни технологии, производи и процеси за ублажување или прилагодување на последиците од климатски промени, што ќе придонесе кон глобалните напори за справување со климатските промени и поактивно вклучување на приватниот сектор во развојот на зелените бизниси и креирање на нови работни места во оваа област.

Овој предизвик Фондот го реализира во партнерство со:

- Кабинетот на Заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економски сектори и инвестиции и
- Организацијата за храна и земјоделство на ООН (Food and Agriculture Organization of the United Nations) - ФАО.

Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

ФИТР Фонд за иновации и технолошки развој

Food and Agriculture Organization of the United Nations

Green development Republic of North Macedonia

КАКВИ РЕШЕНИЈА **ПОДДРЖУВАМЕ?**

Предлог проектите треба да вклучуваат **развој на иновативни, климатски/чисти технологии, производи и/или процеси** кои придонесуваат кон ублажување или намалување на последиците од климатските промени.

КЛИМАТСКИ ТЕХНОЛОГИИ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ ИЛИ МИТИГАЦИЈА

(Чисти технологии) се технологии и активности за ограничување на обемот или брзината на долгорочното глобално затоплување и на ефектите од него. Како пример за сектори каде се применуваат овие технологии се енергетика, индустрија и транспорт.

КЛИМАТСКИТЕ ТЕХНОЛОГИИ ЗА ПРИЛАГОДУВАЊЕ

(Технологии за клима) се технологии и активности за намалување на ранливоста на општествените и биолошките системи на климатските промени и нивно прилагодување на глобалното затоплување. Како пример за сектори каде се применуваат овие технологии се земјоделство, здравство и шумарство.

БУЏЕТ НА ПРЕДИЗВИКОТ

ВКУПЕН БУЏЕТ

7.500.000 денари

За поединечен предлог проект, Фондот обезбедува финансирање до 90% од вкупниот буџет за проектот, во максимален износ од 1.500.000 денари

Спроведувањето на проектот може да биде до 12 (дванаесет) месеци.

Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

ФИТР Фонд за иновации и технолошки развој

Food and Agriculture Organization of the United Nations

Green development Republic of North Macedonia

КОЈ МОЖЕ ДА АПЛИЦИРА?

- да е трговско друштво основано согласно Законот за трговски друштва и регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- годишните приходи на натпреварувачот да не надминуваат 10.000.000 (десет милиони) евра во денарска противвредност, според финансиските извештаи за претходните две фискални години;
- просечниот број на вработени да не надминува 250 вработени;
- Да не е поврзан (согласно Законот за трговските друштва) со друго претпријатие и/или ПЗУ чии годишни приходи надминуваат 10.000.000 (десет милиони) евра и просечен број на вработени да не надминува 250 во претходните две фискални години, освен во случај на поврзаност со високообразовна, односно научноистражувачка установа;
- против него да не е поведена стечајна постапка или постапка на ликвидација;
- да има подмирени доспеани обврски по основ на јавни давачки и придонеси;
- против него да не се отпочнати постапки за присилно извршување на доспеани парични побарувања;
- согласно Законот за контрола на државна помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) да ги исполнува следните услови:
  - да нема акумулирано повеќе од 200.000 (двесте илјади) евра помош од мало значење за период од три фискални години, вклучувајќи го и побараниот износ на средства од Фондот;
  - да нема акумулирано повеќе од 100.000 (сто илјади) евра помош од мало значење за период од три фискални години, вклучувајќи го и побараниот износ на средства од Фондот, ако претпријатието е активно во секторот за патен сообраќај;
  - да не е во потешкотии (претпријатие во потешкотии е претпријатие кое не е во можност да ги исполнува своите обврски од сопствените ресурси или со средства што може да ги добие од својот сопственик/акционерите или кредиторите, за да ги запре загубите, кои без надворешна интервенција од давателите на помош со сигурност ќе доведат до краткорочен и долгорочен престанок со работа на претпријатието) и
  - да не се занимава со производство на јаглен.

АКТИВНОСТИ НА ПРОЕКТОТ

Предлог-проектот треба да опфати активности за развивање или примена на технологии, производи и процеси за ублажување или прилагодување на последиците од климатски промени.

Активностите може да вклучуваат:

- Развој на ново, иновативно решение во фази од потврден концепт до решение функционално во реална средина за целите на ублажување или прилагодување кон климатски промени;
- Активности за тестирање на нов производ, услуга или модел за целите на ублажување или прилагодување кон климатски промени;
- Активности за истражување и развој на климатски технологии;
- Дизајн и развој на прототип на климатски технологии;
- Активности за воведување на нова климатска технологија;
- Активности за мултиплицирање на климатски технологии и/или активности во други средини и други целни групи.

ТРОШОЦИ ПРИФАТЛИВИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

бруто плати со вклучени додатоци на плата за лица кои се или ќе бидат вработени кај корисникот и директно учествуваат во реализација на проектот.

набавка и/или изнајмување на опрема и потрошни материјали за истражување и развој;

поддоговорни услуги за истражување и развој (пр. тестирање, лабораториски услуги и сл.);

ангажирање на експерти/ советници за истражување и развој;

ангажирање на консултанти за потреби директно поврзани со резултатите на проектот;

подготовка и поднесување на пријава за патент, заштита на трговска марка и/ или индустриски дизајн;

канцелариска и деловна поддршка во максимален износ од 15% од вкупниот буџет на проектот.

ПОСТАПКА ПРИ ОЦЕНКА И СЕЛЕКЦИЈА

- Административна проверка на пријавите
- Прва оцена на предлог-проектот (председелекција)
- Пичинг односно презентација на председелектираните предлог-проекти пред Комисијата за оценување и избор (опционално)
- Селекција на најдобри предлог-проекти
- Потпишување на договори

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНКА И ИЗБОР

Секој предлог-проект се оценува од Комисија за оценување и избор која се состои од пет членови во состав:

- **Двајца членови**
  надворешни експерти од областа на предизвикот
- **Двајца членови**
  претставници на партнерските организации
- **Еден член**
  претставник на Фондот



Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

ФИТР Фонд за иновации и технолошки развој

Food and Agriculture Organization of the United Nations

Green development Republic of North Macedonia

КРИТЕРИУМИ
ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

- Степен на иновативност
- Капацитет на проектниот тим
- Квалитет на проектот
- Потенцијал на пазарот
- Влијание

РОК ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

до 01/09/2022 година, до 14:00 часот.

Повеќе информации на:

https://fitr.mk/справување-со-климатските-промени-2022/
klimatskipredizvik@fitr.mk

Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

ФИТР Фонд за иновации и технолошки развој

Food and Agriculture Organization of the United Nations

Green development Republic of North Macedonia